**Дали Министерство за животна средина и просторно планирање има издадено дозвола за извршување на градежни активности на споменикот на природата Платаново стебло (Platanus orientalis L.) кој се наоѓа на ул. Гоце Делчев во Радовиш?**

Во Студијата за заштита на природното наследство, изготвена за потребите на Просторен План на државата (2004) година, платановото стебло (*Platanius orientalis*) во Радовиш е евидентирано како предлог за прогласување.

Во согалсност со Законот за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и (Сл.Весник на РСМ бр. 151/21) Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во соработка со Друштвото за еколошки консалтинг Деконс Ема Дооел, Скопје изготви Елабоорат за валоризација на платановото стебло во Радовиш, кој е објавен на Web страната на МЖСПП на следниот линк:

https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2015/01/4.-%D0%95%D0%BB%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B2%D0%B0%D0%BB%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%B1%D0%BB%D0%BE-%D0%B2%D0%BE-%D0%A0%D0%B0%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%88-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%A0%D0%B0%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%88.pdf

МЖСПП со допис (бр.11-7611/1 од 20.10.2022) ја извести Општина Радовиш дека согласно Законот за заштита на природата врз основа на изготвени елаборати за десет поединечни стебла, кои се лоцирани во неколку општини во државата ќе поведе постапка за прогласување на овие стебла за природни реткости, а тоа се однесува и за платанот во Радовиш.

МЖСПП согласно член 92 став (3) Законот за заштита на природата веќе започна постапка за прогласување на платанот во Радовиш за природна реткост. МЖСПП изготви Решение за прогласување на платаново стебло (*Platanus orientalis* L.) во Радовиш за природна реткост, така што Решението е на усогласување со Секретаријат за законодавство.

Од страна на општина Радовиш до МЖСПП доставен е Идеен проект за партерно уредување на околината на платанот во Радовиш како дел од Проектот "Културно-историско налседство е нашето богатство ". Согласно приложената техничка документација утврдено е дека проектното решение

предвидува  партерно уредување на непосредната околина  на платанот преку рушење на постоечката ограда заради ослободување  на неговиот корен и поплочување на околниот простор со павер елементи без дополнителни ископи кои би можеле да предизвикаат деградации на коренот на стеблото.
Министерството за животна средина и просторно планирање, од аспект на заштита на природата со допис Бр.11-5864/2 од 04.08.2022 година ја подржа иницијативата на општина Радовиш за реализација на наведениот проект, но истовремено укажа и на дополнување на проектниот концепт со поставување на информативна табла за платановото стебло *(Platanus  orientalis*) на која што да бидат наведени основните податоци за природната реткост со фотодокументација (ГПС координати, морфолошки карактеристики, дендролошки и воспитно-образовни податоци).

**2.Доколку има кој ја има побарано и кога е издадена дозволата? (барам копија од истата)**

МЖСПП нема издадено дозвола за градежни активности туку  согласно гореизнесеното има издадено мислење по  иницијативата за реализација на Проект  за партерно уредување на околината на платанот во Радовиш, допис Бр.11-5864/2 од 04.08.2022 година

**3.Доколку нема дозвола дали и кога ќе се преземат соодветни мерки?**

Во Решението за прогласување на платаново стебло (*Platanus orientalis* L.) во Радовиш за природна реткост е пропишано дека со природната реткост управува општина Радовиш, а во име на општината градоначалникот на општина  Радовиш. Заради заштита на платановото стебло Општина Радовиш има обврска да спроведува заштитно-конзерваторски мерки во соработка со стручен тим на експерти од областа на шумарството и природните науки, како и да презема активности за чување и одржување.